Врз основа на член 94, став 1, точка 43, а во врска со член 97, став 3 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија“ бр. 82/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 178/21) и член 161 од Статутот на Универзитетот „Мајка Тереза“ во Скопје (Универзитетски гласник бр. 4/2019), Сенатот на Универзитетот „Мајка Тереза“ во Скопје објавува:

# ЈАВЕН ОГЛАС
## за избор на ректор на Универзитетот „Мајка Тереза“ во Скопје
## за мандатниот период 26.04.2025 до 25.04.2028 година

1. Услови за избор на ректор:
   - да е државјанин на Република Северна Македонија;
   - да е од редот на редовните професори;
2. Огласот трае 7 (седум) работни дена сметано од денот на објавувањето во дневните весници и на веб-страницата на Универзитетот.
3. Кандидатот кој се пријавува на јавниот оглас, до Универзитетската изборна комисија треба да достави:
   - пријава;
   - програма за работа;
   - биографски и библиографски податоци;
   - одлука за избор во звањето редовен професор;
   - Три кредибилни препораки;
   - Изјава дека кандидатот не е вршител на друга јавна функција или функција во политичка партија;
   - уверение за државјанство;
   - е-адреса;
   - телефон за контакт.

4. Документацијата се поднесува:
   - во оригинал или заверена копија на нотар, со предавање во архивата на Универзитетот „Мајка Тереза“ во Скопје, на адреса: ул. „1669“ бр. 11А, Скопје, секој работен ден од 9:00 до 16:00 часот, до Универзитетската изборна комисија со назнака: „за јавниот оглас за избор на ректор“, како и
   - во електронска форма до 24:00 часот на последниот ден (31.01.2025 година), на следнава е-адреса: kuz.unt@unt.edu.mk. Доколку кандидатот има електронски потпис издаден од овластени издавачи на електронски потписи во РСМ (КИБС или Македонски телеком), документите ги потпишува со него, во спротивно поднесува скенирани документи во PDF формат, потпишани со неговиот своерачен потпис.

Универзитет „Мајка Тереза“ во Скопје
Претседател на Сенат